# Состојба со COVID-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 19-25.08.2024

Тестирани се вкупно 597 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, со намалување од 1,8% во однос на минатата недела (n=608).

Регистрирани се 213 нови позитивни случаи, со намалување од 21,4% во однос на минатата недела (n=271). Процентот на позитивност се движи од 30,0% до 41,6%, просечно 35,5%.

***Табела 1.*** *Тестирани и позитивни во период од 12-18.08.2024*

| *Датум* | *Тестирани* | *Позитивни* | *% на позитивност* |
|---|---|---|---|
| **19.8.2024** | 128 | 41 | 32,0% |
| **20.8.2024** | 89 | 37 | 41,6% |
| **21.8.2024** | 96 | 38 | 39,6% |
| **22.8.2024** | 118 | 45 | 38,1% |
| **23.8.2024** | 110 | 33 | 30,0% |
| **24.8.2024** | 44 | 15 | 34,1% |
| **25.8.2024** | 12 | 4 | 33,3% |
| ***Вкупно*** | ***597*** | ***213*** | ***просек 35,5%*** |

Во тековната недела, регистрирани се заболени лица во општините од 18 градови. Најголем дел од регистрираните случаи се од Скопје (n=99; 46,5%), Кавадарци (n=23), Охрид (n=20), Тетово (n=18) и Битола (n=17), а највисока инциденца е регистрирана во Кавадарци (58,2/100.000). (*Табела 2*).

Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната група над 60 години (n=88; 41,3%).

Во текот на минатата недела (19-25.08.2024) со статус „оздравени“ се стекнале 275 лица.

Во текот на минатата недела (19-25.08.2024), пријавени се две починати лица асоцирани со КОВИД-19. Се работи за лица на возраст од 48-88 години, со коморбидитети, починати во болнички услови, а во однос на вакциналниот статус, едното лице е невакцинирано со вакцина против КОВИД-19, а другото примило 2 дози вакцина против КОВИД-19.

Во текот на минатата недела, Одделението за Вирусологија спроведе реакција на секвенционирање на одбрани SARS-CoV-2 примероци кои ги исполнуваа лабораториските критериумите да бидат секвенционирани. Беа секвенционирани 9 примероци земени во периодот 05.07-01.08.24. Сите примероци беа од Скопје. Кај секвенцонираните примероци беа детектирани следните SARS-CoV-2 линии:

- LB.1 - кај три примероци
- KP.3 - кај четири примероци
- KP.2 - кај еден примерок
- KS.1.1 - кај еден примерок

LB.1, KP.2 и KP.3 се моментално прогласени за варијанти под мониторинг од СЗО* и нивната циркулација активно се следи на глобално ниво поради зголемениот број на позитивни случаи.

*https://www.who.int/activities/tracking-SARS-CoV-2-variants

## КУМУЛАТИВНА СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заклучно со 25.08.2024, пријавени се вкупно 351.577 случаи на COVID-19 (I=19.141,6/100.000).

Најголем дел од заболените се регистрирани во Скопје, Куманово и Битола, а највисок морбидитет е регистриран во Кавадарци (31.791,8/100.000). Највисок морталитет се регистрира во Охрид, Кавадарци и Прилеп. Највисок леталитет се регистрира во Струга и Крива Паланка (*Табела 2*).

***<u>Табела 2.</u>*** *Кумулативна дистрибуција на заболени од COVID-19 по ЦЈЗ/ПЕ, РС Македонија, до 25.08.2024*

| Дистрибуција по градови | Заболени (вкупно) | Морбидитет | Умрени (вкупно) | Морталитет (кумулативно) | Леталитет (кумулативно) | Оздравени (вкупно) | Активни случаи (вкупно) | Заболени (последни 7 дена) | Инциденца последни 7 дена | Заболени последни 14 дена | Инциденца последни 14 дена | Заболени претходни 14 дена | Инциденца претходни 14 дена | Промена на инциденца во два 14 дневни периоди |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **351577** | **19141,6** | **9995** | **544,2** | **2,8%** | **341344** | **238** | **213** | **11,6** | **484** | **26,4** | **285** | **15,5** | **▲ 69,8%** |
| Скопје | 166475 | 27425,5 | 3378 | 556,5 | 2,0% | 162984 | 113 | 99 | 16,3 | 251 | 41,4 | 150 | 24,7 | ▲ 67,3% |
| Куманово | 18526 | 14950,8 | 655 | 528,6 | 3,5% | 17869 | 2 | 2 | 1,6 | 4 | 3,2 | 3 | 2,4 | ▲ 33,3% |
| Битола | 18524 | 19898,0 | 520 | 558,6 | 2,8% | 17987 | 17 | 17 | 18,3 | 32 | 34,4 | 10 | 10,7 | ▲ 220,0% |
| Прилеп | 16073 | 18407,4 | 615 | 704,3 | 3,8% | 15453 | 5 | 4 | 4,6 | 10 | 11,5 | 2 | 2,3 | ▲ 400,0% |
| Тетово | 14724 | 8822,2 | 613 | 367,3 | 4,2% | 14092 | 19 | 18 | 10,8 | 41 | 24,6 | 37 | 22,2 | ▲ 10,8% |
| Кавадарци | 12567 | 31791,8 | 290 | 733,6 | 2,3% | 12252 | 25 | 23 | 58,2 | 48 | 121,4 | 49 | 124,0 | ▼ 2,0% |
| Велес | 10875 | 18235,0 | 347 | 581,8 | 3,2% | 10525 | 3 | 3 | 5,0 | 3 | 5,0 | 1 | 1,7 | ▲ 200,0% |
| Охрид | 10759 | 19509,7 | 433 | 785,2 | 4,0% | 10302 | 24 | 20 | 36,3 | 42 | 76,2 | 25 | 45,3 | ▲ 68,0% |
| Гостивар | 10349 | 12225,1 | 445 | 525,7 | 4,3% | 9894 | 10 | 9 | 10,6 | 19 | 22,4 | 1 | 1,2 | ▲ 1800,0% |
| Штип | 8882 | 18394,6 | 250 | 517,7 | 2,8% | 8631 | 1 | 1 | 2,1 | 3 | 6,2 | 0 | 0,0 | |
| Струмица | 8832 | 11175,9 | 402 | 508,7 | 4,6% | 8429 | 1 | 1 | 1,3 | 3 | 3,8 | 1 | 1,3 | ▲ 200,0% |
| Кичево | 6106 | 15392,4 | 234 | 589,9 | 3,8% | 5871 | 1 | 1 | 2,5 | 3 | 7,6 | 2 | 5,0 | ▲ 50,0% |
| Кочани | 5572 | 14229,2 | 230 | 587,3 | 4,1% | 5341 | 1 | 1 | 2,6 | 1 | 2,6 | 0 | 0,0 | |
| Струга | 5240 | 9824,0 | 310 | 581,2 | 5,9% | 4922 | 8 | 8 | 15,0 | 10 | 18,7 | 0 | 0,0 | |
| Гевгелија | 4943 | 22903,3 | 134 | 620,9 | 2,7% | 4809 | 0 | 0 | 0,0 | 1 | 4,6 | 0 | 0,0 | |
| Неготино | 4236 | 23282,4 | 100 | 549,6 | 2,4% | 4133 | 3 | 3 | 16,5 | 5 | 27,5 | 3 | 16,5 | ▲ 66,7% |
| Ресен | 3048 | 21206,4 | 67 | 466,2 | 2,2% | 2981 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Радовиш | 2850 | 10615,7 | 106 | 394,8 | 3,7% | 2744 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Свети Николе | 2812 | 15991,8 | 80 | 455,0 | 2,8% | 2731 | 1 | 1 | 5,7 | 1 | 5,7 | 0 | 0,0 | |
| Крива Паланка | 2680 | 12451,2 | 131 | 608,6 | 4,9% | 2549 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Делчево | 2215 | 16304,7 | 75 | 552,1 | 3,4% | 2139 | 1 | 0 | 0,0 | 3 | 22,1 | 0 | 0,0 | |
| Берово | 1910 | 17539,0 | 61 | 560,1 | 3,2% | 1848 | 1 | 0 | 0,0 | 1 | 9,2 | 0 | 0,0 | |
| Дебар | 1827 | 9549,4 | 84 | 439,1 | 4,6% | 1743 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Валандово | 1616 | 15378,8 | 52 | 494,9 | 3,2% | 1564 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Виница | 1486 | 10266,0 | 69 | 476,7 | 4,6% | 1417 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Пробиштип | 1314 | 9793,5 | 54 | 402,5 | 4,1% | 1260 | 0 | 0 | 0,0 | 1 | 7,5 | 1 | 7,5 | = 0,0% |
| Кратово | 1144 | 15162,4 | 38 | 503,6 | 3,3% | 1106 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Богданци | 1117 | 15220,1 | 30 | 408,8 | 2,7% | 1087 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Крушево | 1047 | 12486,6 | 46 | 548,6 | 4,4% | 1000 | 1 | 1 | 11,9 | 1 | 11,9 | 0 | 0,0 | |
| Демир Хисар | 944 | 13002,8 | 43 | 592,3 | 4,6% | 901 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Македонски Брод | 810 | 8011,1 | 33 | 326,4 | 4,1% | 777 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Демир Капија | 639 | 16918,2 | 20 | 529,5 | 3,1% | 618 | 1 | 1 | 26,5 | 1 | 26,5 | 0 | 0,0 | |
| Македонска Каменица | 541 | 8401,9 | 25 | 388,3 | 4,6% | 516 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Пехчево | 522 | 13105,7 | 17 | 426,8 | 3,3% | 505 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |
| Дојран | 372 | 12062,3 | 8 | 259,4 | 2,2% | 364 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | |

Регистрирани се 167.436 (47,6%) машки и 184.141 (52,4%) женски заболени лица.

Најголем број на заболени се на возраст над 60 години – 90.884 (25,9%), додека највисок морбидитет (26.341,6/100.000) се регистрира кај возрасната група од 30-39 години (*Графикон 1*).

***<u>Графикон 1</u>. Дистрибуција на заболените од COVID-19 според возрасна група (n=351.577)***




Во однос на <u>датумот на пријавување</u>, првиот случај е регистриран на 26.02.2020. Најголем број на заболени на неделно ниво (n=11.881) е регистриран во текот на четвртата недела во 2022. Во месец јули 2024 (n=250) се регистрира десеткратно зголемување во однос на претходниот месец (n=25) (*Графикон 2*). За 25 дена во месец август, регистрирани се 702 заболени лица.

***<u>Графикон 2.</u> Дистрибуција на заболените од COVID-19 во Р. С. Македонија според месец на лабораториска дијагностика, до 25.08.2024 (n=351.577)***



Регистрирани се 9.995 смртни случаи (Лт=2,8%). Најголем број се регистрирани во тек на 14/2021 (n=325). Најголем дел се машки (59,5%), а во однос на возраст - лица над 60 години (83,9%). Кај 81,1% се регистрирани коморбидитети. Регистрирани се 9 смртни случаи кај бремени и 43 смртни случаи кај здравствени работници. Од смртните случаи, 9.029 (90,3%) во хоспитални услови.

Според исходот од заболувањето, 238 лица (0,07%) се активни случаи, а 341.344 случаи (97,1%) се водат како оздравени, кои биле или хоспитализирани или на домашно лекување (*Табела 3*).

***Табела 3.*** *Исход на заболување по градови, Р.С. Македонија (n=351.577)*

| Дистрибуција по град | Болест во тек | Оздравен | Смртен исход | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 113 | 162984 | 3378 | 166475 |
| **Куманово** | 2 | 17869 | 655 | 18526 |
| **Битола** | 17 | 17987 | 520 | 18524 |
| **Прилеп** | 5 | 15453 | 615 | 16073 |
| **Тетово** | 19 | 14092 | 613 | 14724 |
| **Кавадарци** | 25 | 12252 | 290 | 12567 |
| **Велес** | 3 | 10525 | 347 | 10875 |
| **Охрид** | 24 | 10302 | 433 | 10759 |
| **Гостивар** | 10 | 9894 | 445 | 10349 |
| **Штип** | 1 | 8631 | 250 | 8882 |
| **Струмица** | 1 | 8429 | 402 | 8832 |
| **Кичево** | 1 | 5871 | 234 | 6106 |
| **Кочани** | 1 | 5341 | 230 | 5572 |
| **Струга** | 8 | 4922 | 310 | 5240 |
| **Гевгелија** | | 4809 | 134 | 4943 |
| **Неготино** | 3 | 4133 | 100 | 4236 |
| **Ресен** | | 2981 | 67 | 3048 |
| **Радовиш** | | 2744 | 106 | 2850 |
| **Свети Николе** | 1 | 2731 | 80 | 2812 |
| **Крива Паланка** | | 2549 | 131 | 2680 |
| **Делчево** | 1 | 2139 | 75 | 2215 |
| **Берово** | 1 | 1848 | 61 | 1910 |
| **Дебар** | | 1743 | 84 | 1827 |
| **Валандово** | | 1564 | 52 | 1616 |
| **Виница** | | 1417 | 69 | 1486 |
| **Пробиштип** | | 1260 | 54 | 1314 |
| **Кратово** | | 1106 | 38 | 1144 |
| **Богданци** | | 1087 | 30 | 1117 |
| **Крушево** | 1 | 1000 | 46 | 1047 |
| **Демир Хисар** | | 901 | 43 | 944 |
| **Македонски Брод** | | 777 | 33 | 810 |
| **Демир Капија** | 1 | 618 | 20 | 639 |
| **Македонска Каменица** | | 516 | 25 | 541 |
| **Пехчево** | | 505 | 17 | 522 |
| **Дојран** | | 364 | 8 | 372 |
| **ВКУПНО** | **238** | **341344** | **9995** | **351577** |

Заклучно со 25.08.2024, регистрирани се вкупно 23.315 реинфекции.

Од 20.02.2020-25.08.2024 тестирани се вкупно 2.262.800 материјали, во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/ здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест.

Од вкупниот број на тестирани материјали, 1.486.335 се со молекуларно (PCR) тестирање, додека останатите 776.465 се со брз антигенски тест.

**Проценка на ризик**

По период на многу слаба активност, се детектира зголемена активност на SARS-CoV-2 во рамките на европскиот континент, вклучително и во Р.С. Македонија.

Лицата на возраст од 60 години се со најголем ризик од тешка болест.

Хоспитализациите на лица со потврден КОВИД-19, приемите во интензивна нега и смртните случаи останувaат на ниско ниво во земјите на ЕУ/ЕЕА. Овие податоци во Р.С. Македонија не се достапни.

Зголемувањето на активноста на SARS-CoV-2 ја нагласува континуираната потреба од надзор (епидемиолошки и вирусолошки) на национално и регионално ниво.

**Препорачани мерки за превенција и контрола**

Се препорачува следење на основните мерки за превенција на КОВИД-19 и останати респираторни заразни заболувања.

Вакцинацијата останува специфична превентивна мерка обезбедувајќи заштита од тешки форми на болест, иако овој заштитен ефект со тек на време се намалува. Продолжува препораката за вакцинацијата на лицата со висок ризик од тешки форми на болест и лош исход (како што се повозрасните лица).[1]

Скопје, 26.08.2024

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***

[1] https://www.ecdc.europa.eu/sites/default/files/documents/2024-WCP-0039%20Final.pdf